СТ-63/18

ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУГА со стечајниот судија Лазо Ѓоргоноски, постапувајќи по предлогот на предлагачот Егзон Асани од село Заграчани, за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Приватна здравствена установа - Ординација по општа медицина АВИЦЕННА 2016 Струга, вон рочиште, на ден 10.08.2018 година, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Према стечајниот должник Приватна здравствена установа - Ординација по општа медицина АВИЦЕННА 2016 Струга, со единствен матичен број на деловниот субјект 7127073, даночен број 4026016524038, со трансакциска сметка број 240230105353512 при УНИ Банка АД Скопје, - **СЕ ПОВЕДУВА** претходна постапка за утврдување на причините за отварање на стечајна постапка.

За привремен стечаен управник се именува Зоран Стојкоски од Вевчани, кој се задолжува да утврди дали должникот е неспособен за плаќање и дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката.

Рочиштето за испитување на условите за отварање на стечајна постапка се закажува **за ден 11.09.2018 година во 09:15 часот,** во просториите на Основниот суд во Струга, канцеларија број 32.

На рочиштето се повикуваат предлагачот, должникот и привремениот стечаен управник.

## Образложение

Предлагачот Егзон Асани од село Заграчани, до овој суд поднесе предлог за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Приватна здравствена установа - Ординација по општа медицина АВИЦЕННА 2016 Струга.

Во предлогот наведе дека друштвото имало неизмирени обврски по основ на стасани неплатени јавни давачки а сметката на должникот била блокирана со што биле исполнети условите за отварање на стечајна постапка. Побара да се поведе претходна постапка за утврдување на причините за отварање на стечај.

Стечајниот судија откако го разгледа предлогот, утврди дека согласно член 51 став 9 од Законот за стечај со предлогот се доставени неопходните докази и се содржани условите за поведување на стечајна постапка.

Имајќи го во предвид наведеното согласно член 54 став 2 и 3 од Законот за стечај, се одлучи како во изреката на решението.

Стечаен судија,
Лазо Ѓоргоноски с.р.

ПОУКА: Согласно член 54 став 5 од ЗС против решението жалба не е дозволена

Д-ви на:

* привремениот стечаен управник
* ВЕБ страната на судот
* Централен регистар
* предлагачот
* должникот заедно со предлогот за поведување на стечајната постапка

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судска служба